# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 6, член 21 став 1 и став 2, член 26 и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава од непознати подносители, Државната комисија за спречување на корупцијата на 21-та седница одржана на ден 12 август 2019 година донесе

## **О д л у к а**

Постапката покрената по пријава бр. 12-1541/1 од 15.03.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознати подносители – професори на во Скопје, со која се изразени сомневања и се посочува на незаконитости и на злоупотреби во постапката, спроведена од наставно-научниот совет на ----- ------------ факултет во ---------- - за начинот на формирање на рецензиона комисија и последователно на ова на остварување на имотна/финансиска корист од страна на членовите на посочената комисија, како и за незаконско вработување од страна на Деканот на ------------- факултет проф. -------------, според Извештај сочинет од рецензионата комисија, на лице блиско на ------------- декан на ------------- факултет во ---------, проф. ------------- СЕ ЗАПИРА поради непотврденост и неоснованост на сомневањата во конкретниот случај.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-1541 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 1541/1 од 15.03.2019 година.

Предметот со број 12-1541 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-1541 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-1541/1 од 15.03.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознати подносители - професори на ----------- факултет во ----------.

Со пријавата се изразуваат сомневања за начинот на формирање на рецензиона комисија и последователно на ова на остварување на имотна/финансиска корист од страна на членовите на посочената комисија, како и за незаконско вработување од страна на Деканот на - -------------- факултет, проф. -----------------, според Извештај сочинет од рецензионата комисија, на лице блиско на -------------- декан на Филозофскиот факултет во Скопје проф. ----- --------------------.

Бр. ________
________ год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид наводите на подносителите, како е погоре наведено, и изврши соодветни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност.

Имено, за утврдување на целосната фактичка состојба за овој пријавен случај Државната комисија презема процесни дејствија - достава на барање заради прибавување на податоци и информации и достава на барање на дополнителни податоци и информации од ----------------- факултет во --------------- во одговор на кои кај Државната комисија за спречување на корупцијата се примени писмено бр. 12-1541/4 од 15.04.2019 година и бр. 12-1541/6 од 25.04.2019 година – со прилог документација од која е видно дека постапувањето на наставно-научниот совет на факултетот во постапката за избор на рецензиона комисија – во посочениот случај, исплатата на надоместоците на членовите на рецензионите комисии на овој факултет, како и постапката за вработување на која се однесува предметната пријава се спроведени согласно со Законот за високото образование, со подзаконските акти и со актите на Факултетот.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека наводите од пријавата не се потврдуваат и се неосновани од аспект на сторени злоупотреби на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг, од страна на службените лица кои учествувале во постапките кои се предмет на пријавата.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Правна поука:**

Против оваа Одлука на Државната комисија за спречување на корупцијата, може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена.

**Одлучено на ден 12 август 2019 година под бр. 12- 1541/7**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Република Северна Македонија Државна комисија за спречување на корупцијата Скопје
Komisioni Shtetëror për Parandalim të Korrupsionit Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Доставено до :
- Архива


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk